ДОБРИ ВЕСТИ ОД

# ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ БР.1

**УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДСТВОТО**

**НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ОБУКА ЗА КОМУНИКАЦИЈА**

**ДОВЕРБАТА Е ОД КЛУЧНО ЗНАЧЕЊЕ**

**ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ**

**ЗАЧУВАЈТЕ ГО ДАТУМОТ!**

**КОИ СМЕ НИЕ?**

Funded by the European Union

EU with YOU

ПРАВНО ОДРЕКУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ:
ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. СОДРЖИНАТА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ - ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ ЗНАЧИ ДЕКА ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

# ПРЕДГОВОР



## Дитер ШИНДЛАУЕР

*Тим лидер, „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“*

*„Се надеваме дека со овој извештај ќе одржиме позитивен став и ќе го поддржиме етичкото убедување дека вреди да се залагаме за промени, реформи и процес на постојано подобрување. За таа цел, ќе го прикажеме и славиме напредокот за да не се изгуби во многу погласната врева на негативните вести“.*

Почитувани читатели,

Ви го претставуваме ноемврискoто издание на квартален извештај на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ - и ова издание изобилува со добри вести.

Нашиот проект ја отсликува големата посветеност и залагање на Европската Унија за иднината на Северна Македонија. Владеењето на правото е основа за демократијата, економијата и слободата и безбедноста на граѓаните и токму ваквите огромни напори се потребни за подобрување на состојбата, како и за постигнување на видливи резултати во текот на следните три години. Нашиот проект се стреми да биде успешен и редовно да ги споделува успесите со вас. Затоа, на секои три месеци, објавуваме ново издание кое содржи добри вести за владеењето на правото.

Во областа на владеењето на правото секојдневно се соочуваме со негативни вести, скандали, гласини и обесхрабрувачки настани. Но, ние не сме несвесни, неми или некритични за какви било неповолни настани или случувања; напротив, истите нѐ мотивираат да вложиме уште повеќе труд и посветеност.

# ПРЕДГОВОР

Меѓутоа, мора да постои начин и време да се зборува за добрите работи што се случуваат. Да известуваме за напорите, реформите, посветеноста и вложениот труд со и во рамки на јавните институции, како и за иницијативите и чекорите преземени во вистинската насока.

Токму затоа го изготвуваме овој квартален извештај. Нашиот став не ја следи медиумската аксиома дека „лошата вест е добра вест“. Се надеваме дека со овој извештај ќе одржиме позитивен став и ќе го поддржиме етичкото убедување дека вреди да се залагаме за промени, реформи и процес на постојано подобрување. За таа цел, ќе го прикажеме и славиме напредокот за да не се изгуби во многу погласната врева на негативните вести.

Во ова издание, ќе прочитате приказни и информации за проектот и за областите во кои нашиот тим работи заедно со националните партнери за стабилно и сигурно владеење на правото.

Дитер Шиндлауер
Тим лидер

# ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

- Судството мора да биде независно и непристрасно; постапките и одлуките мора да бидат законски и праведни.
- Криминалните дела мора да бидат откриени, а сторителите кривично гонети и изведени пред суд; криминалот не смее да се исплати.
- Корупцијата не смее да се толерира и интегритетот мора да се зајакне.
- Основните и човековите права мора да бидат ефективно заштитени.

http:// www.rolaw.mk

# Кои сме ние?

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ има за цел да го **зајакне владеењето на правото** во Република Северна Македонија.

Ги поддржуваме релевантните институции кои работат во областа на правосудство, спроведување на законот, спречувањето на корупцијата и промоцијата и заштитата на капацитетите за основните и човековите права, ефективноста и влијанието.

**Нашата мисија е да обезбедиме фер и праведен пристап за секого!**

## ТИМ



## ИДЕНТИТЕТ

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

## 1 КОЈА Е НАШАТА ЦЕЛ?

Проектот е креиран да ги поддржи релевантните институции кои работат во областа на правосудство, спроведување на законот, спречување на корупцијата и промоцијата и заштитата на основните и човековите права за подобрување на нивните капацитети, ефективност и влијание.

## 2 КОМПОНЕНТИ

**К1: Правосудство**

Подобрување на капацитетите на правосудните институции за правораздавање на транспарентен и одговорен начин

**К2: Полиција**

Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на современите истражни техники во борбата против организираниот криминал.

**К3: Антикорупција**

Подобрување на превенцијата и борбата против корупцијата

**К4: Основни и човекови права**

Зајакнување на заштитата на основните права

# ПРОЕКТОТ НИЗ БРОЈКИ

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ е целосно финансиран од Европската Унија. Времетраењето на проектот е 36 месеци, со предвидено продолжување за уште 6 месеци. Буџетот изнесува 10,25 милиони евра. Тимот на проектот моментално е составен од 28 членови: лидери на компоненти, експерти, асистенти, итн.

10.25 МИЛИОНИ ЕВРА

36+ МЕСЕЦИ

28+ ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ

# ВИ ПРЕЗЕНТИРАМЕ:

## 24

### РЕЗУЛТАТИ

Конкретни цели со видливо и мерливо влијание во области на правосудството, спроведувањето на законот, спречувањето на корупцијата и промоција и заштита на основните и човековите права.

## +54

### АКТИВНОСТИ

Координирање на иницијативите за подигнување на свеста, зајакнување на капацитетите на институциите корисници во Северна Македонија, поддршка на нивната работа, вмрежување и формирање работни групи за соработка и сл.

## 31

### ИНСТИТУЦИЈА КОРИСНИК

Проектот воспостави професионална соработка со македонските институции, со цел да се промовира отчетноста и да се поттикнат и поддржат овие институции да преземат активна улога во нивната професионална област.

## +82

### СОСТАНОЦИ

Во период од три месеци, претставниците на компонентите беа активно вклучени во повеќе од 112 состаноци, поттикнувајќи продуктивна соработка со институциите.

# Ајде да зборуваме за...

- „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ започна со одлучна посветеност и фокус на реформите
- Довербата е клучна: словенечката полиција сподели практики и искуства од меѓународната полиција и заштита на сведоците
- Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ ги едуцираше застапниците за човекови права преку обука за спречување на дискриминација и промоција на еднаквоста
- Северна Македонија ги унапредува реформите во правосудството преку стручни насоки и соработка со засегнатите страни
- Даниела Стефановска, советник - Државен инспекторат за труд: Важноста на континуираната обука, соработката меѓу институциите и јасната комуникација во борбата против трговијата со луѓе
- Изработка на сеопфатен Национален акциски план за правата на детето во Северна Македонија
- Зајакнување на свеста и комуникацијата во пробациската служба
- Заедничка обука за комуникација за независни институции

# „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ започнува со целосна посветеност и фокус на реформите

Нашата приказна започнува со визија – визија за зајакнување на посветеноста на владеење на правото во Северна Македонија. **На 21 септември 2023 година го прославивме официјалното започнување на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“.** Европската Унија јасно го изразува нејзиниот фокус и силна поддршка кон луѓето во земјата, целосно финансирајќи го овој проект со повеќе од 10 милиони евра, кои ќе бидат наменети за подобрување на владеењето на правото на повеќе нивоа.

Овој проект е повеќе од само уште една иницијатива; тој е пресвртница во патот на Северна Македонија кон членство во ЕУ. Владеењето на правото и гаранциите за истото, контролните механизми, како и интегритетот и транспарентноста на соодветните системи се од најголема важност во оваа фаза.



**Амбасадорот Дејвид Гир,** шеф на Делегацијата на ЕУ во Северна Македонија, со својот говор остави неизбришлива трага на почетниот настан, велејќи: „Ова е огромна можност за решително унапредување на реформите, особено во областа на владеењето на правото. Ве повикувам сите кои работите во областа на владеењето на правото да се запознаете со стандардите и практиките на Европската Унија и да го искористите тоа како поттик за промена одвнатре. Ве повикувам сите да ја искористите ова можност сега, во интерес на граѓаните и европската иднина на оваа земја“. Овие зборови звучат како водечки принцип за патот што претстои пред нас.

На официјалниот настан присуствуваа тројца истакнати министри: **Оливер Спасовски** (министер за внатрешни работи на Северна Македонија), **Кренар Лога** (министер за правда на Северна Македонија) и **Јованка Тренчевска** (министер за труд и социјална политика на Северна Македонија). Нивното присуство го нагласува значењето на проектот и нивната силна посветеност на неговиот успех, влевајќи решителност во нашата мисија.










Нашиот пристап е се заснова на соработка и партнерство, како што истакна **Патриција Муси-Мајлер,** административна директорка на „Лудвиг Болцман Геселшафт“ - Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR). Таа изјави: „Овој проект ќе биде ефективен и одржлив затоа што навистина ќе работиме заедно со нашите македонски партнери: преку блиска соработка, на дневна основа и со подеднаков придонес од сите инволвирани страни“. Оваа посветеност на еднаквост и единство е основата на нашата приказна.

Нашиот извонреден тим е предводен од **Дитер Шиндлауер,** лидер на проектот, кој на настанот ги претстави основните компоненти на проектот, посочувајќи го планот за трансформацијата што претстои.




**Во следните три години си поставивме амбициозни цели.** Ние сме непоколебливи во нашата посветеност да ги поддржиме нашите партнери во Северна Македонија да го зајакнат правосудниот систем, да влеат доверба во спроведувањето на законот, да се спротивстават на корупцијата со стабилна решителност и да ги заштитат основните и човекови права на секој граѓанин. Ова не се само цели; тоа се ветувања што имаме намера да ги исполниме.

Започнувајќи со овој проект, ние сме поттикнати од чувство за цел, визија за позитивни промени и посветеност кон успех. Годините што претстојат се полни со потенцијал за трансформација и напредок, а ние сме привилегирани да бидеме дел од него, да работиме на зајакнување на владеењето на правото и влевање доверба кај граѓаните во Северна Македонија. Нашиот проект не е само почеток; тоа е ветување за поддршка за подобра иднина за сите.







# Одбележување на успехот:

## Визуелен приказ














# Довербата е клучна: Словенечката полиција сподели практики и искуства од меѓународната полиција и заштита на сведоците

Имавме ретка прилика да дознаеме повеќе за светот на меѓународната полициска соработка, разговарајќи со господинот Матјаж Јеркиќ, помошник директор на криминалистичката полиција во Словенија. Со големо искуство во службата за криминалистичка истрага, тој допринесува кон силната посветеност во борбата против организираниот криминал и ја надгледува централната координација на операциите во рамките на словенечката криминалистичка полиција. Нашиот разговор следуваше по Обуката за заштита на сведоци, одржана во соработка со неговите македонски колеги од Министерството за внатрешни работи (МВР) и од Јавното обвинителство, а организирана од Компонента 2.

Со оглед на чувствителноста и доверливоста на опфатените теми, ваквите работни состаноци често се водат како доверливи и се откриваат ограничени информации. Сепак, за време на дискусијата со господинот Јеркиќ, успеавме да ѕирнеме под површината на овие интригантни теми и да откриеме која е нивната суштина.

*„Кога претставници од различни полициски структури и од јавното обвинителство организираат вакви средби, разговорот е директен и многу отворен. Дискусиите се базираат на практични искуства и не можеме да откриеме детали и особености на пошироката публика. Споделуваме искуства кои можат да доведат до подобрување на практиките и учење на нови техники во борбата против организираниот криминал. Според мене, искрениот разговор и довербата се од клучно значење“, објасни господинот Јеркиќ.*

**Главната цел на обуката** беше да се претстави словенечката програма за заштита на сведоци и да се разговара за Програмата и единицата за заштита на сведоци во МВР во Северна Македонија и што може да се направи за да се подобри нејзиното работење. Програмата за заштита на сведоци им беше претставена на јавните обвинители користејќи практични примери од Словенија, давајќи нова перспектива на темата.



*„Свесни сме за значењето на унифицираните стандарди во борбата против меѓународниот организиран криминал. Примената на истите стандарди е од големо значење за да нема разлика во откривањето и истрагата на кривични дела меѓу неколку земји. Оттука, оценувам дека денешната средба беше исклучително важна бидејќи ги презентиравме позитивните искуства во спроведувањето на програмата за заштита на сведоци“, заклучи господин Јеркиќ.*

# Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ ги едуцираше застапниците за човекови права преку обука за спречување на дискриминација и унапредување на еднаквоста

Во октомври, Компонентата 4: Основни и човекови права на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ ја започна програмата за **обуката на обучувачи „Уметност на обуката и партиципативното олеснување за спречување на дискриминација и унапредување на еднаквоста“.** Програмата се состои од четири тридневни модули и е наменета за вработените на клучните институции со надлежности за човекови права - Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КЗПД), Министерството за труд и социјална политика (МТСП) и Канцеларијата на Народниот правобранител (НП). На вработените од овие институции им се дава можност да стекнат знаења и вештини за подигање на свеста за прашањата за еднаквост и недискриминација. **Ирина Ацеска**, учесничка на обуката и претставник на НП, смета дека свеста за дискриминација кај учесниците е подигната и дека се подготвени да ја подигнат свеста кај другите.

Учесниците добија поддршка за зајакнување на вештините со кои ќе станат силни сојузници на луѓето кои доживеале дискриминација и да се залагаат за нивните права. Ацеска, која работи на заштита на правата на осудените затвореници, рече дека учесниците стекнале искуство и пракса како да и пристапат на група која се чувствува дискриминирана, за која учесниците претходно не биле свесни дека наидуваат на дискриминација.








Програмата, исто така, им нуди на учесниците алатки за практиката на методологии за подигање на свеста за дискриминација. Ацеска спроведува обуки наменети за различни групи вработени во затворските установи и ги цени искуствата со методологиите: „Ги обучувам сите различни групи на вработени во затворските установи.Вежбите ќе бидат од големо значење за да се пренесат вредностите кон кои треба да се придржуваат вработените во затворските установи“.

Методологијата на обуката на обучувачите ги следи стандардите за образование за човекови права и се фокусира на искуствен и партиципативен пристап на учење за да се обезбеди ангажираност, посветеност и одржливост. Обучувачите Карин Бишоф, Билјана Котевска и Дитер Шиндлауер применија методи за обука и фасилитирање кои се меѓународно тестирани на терен. Способностите и вештините на обучувачите да ја спроведуваат обуката на едноставен, релаксиран, а истовремено и многу јасен начин на пренесување на знаењето беа од големо значење за Ирина Ацеска. Таа истакна дека би сакала да има повеќе вакви обуки и дека многу се радува на следните модули.


REPUBLIC OF SLOVENIA
MINISTRY OF THE INTERIOR
EU SUPPORT FOR
RULE
OF
LAW

# Северна Македонија ги унапредува реформите во правосудството преку совети од екпсерти и соработка со засегнатите страни

Преку заедничка соработка Министерството за правда побара експертиза од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ за да се обезбеди увид во нацрт-развојната секторска стратегија за правосудство 2023-2027.

Посветен тим од експерти го анализираше нацрт-документот од три најзначајни перспективи: обезбедување усогласеност со националните правила и стандарди за стратешко планирање, решавање на клучните предизвици идентификувани од Европската комисија и воспоставување ефективна рамка за спроведување и следење.

Експертите ги посочија областите кои се клучни за подобрување на стратегијата. Тие ја истакнаа важноста од спроведување на сеопфатна анализа на ситуацијата за да се откријат основните причини за проблемите, повикаа на јасна хиерархија во стратешката рамка и ја истакнаа потребата од транспарентен систем за следење.



*„Проектот ќе го поддржи Министерството за правда во финализирањето на нацрт-развојната секторска стратегија за правосудство 2023-2027. Сметаме дека сеопфатна и добро конципирана стратегија со јасни, остварливи и мерливи цели е од најголема важност за обезбедување независно и непристрасно судство“, изјави **Гоце Коцевски**, експерт на проектот.*

Многу важно достигнување во однос на унапредувањето на Развојната стратегија за реформи во правосудството 2023-2027 беше остварено на клучната средба, која се оджа на 19 октомври 2023 година, во хотел Холидеј Ин Скопје. Членовите на работната група одговорна за оваа стратегија се собраа за да ги разгледаат прелиминарните насоки дадени од експертскиот тим. Многу различни чинители вклучувајќи ги правосудните институции, правни професионални организации и групи од граѓанското општество, активно учествуваа презентирајќи ги своите перспективи.

**Судијата Ѓорѓи Андонов,** претседател на Основниот суд во Штип, како претставник на Здружението на судии, ја истакна важноста на оваа стратегија за унапредување на правосудниот сектор во Република Северна Македонија. „Стратегијата е од особено значење за развојот и унапредувањето на правосудниот сектор, патоказ кој јасно ги дефинира остварливите цели и ќе биде „домашна задача“ за сите чинители во процесот. Ова е предизвик на кој мора да одговориме за да се приближиме до ЕУ“.

Во текот на средбата, учесниците ја нагласија итната потреба за практична и остварлива стратегија која директно ќе се справува со предизвиците со кои се соочува правосудството во Северна Македонија. Атмосферата вклучуваше динамични дискусии и заедничко носење одлуки.

Овој заеднички потфат ја истакнува важноста на експертските насоки и заеднички напори за изнаоѓање на подобри решенија за унапредување на правосудниот систем во Северна Македонија.





# Даниела Стефановска, советник - Државен инспекторат за труд: Важноста од континуирана обука, соработка меѓу институциите и јасна комуникација во борбата против трговијата со луѓе

Јас сум **Даниела Стефановска,** Советник - Државен инспекторат за труд, во областа за работни односи. Јас сум вработена во Државниот инспекторат за труд од 2010 година, а од 2016 година работам на прашања од областа на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација. Покрај тоа, работам како обучувач во оваа област.



По склучување на Меморандум за соработка помеѓу Државниот инспекторат за труд и Министерството за внатрешни работи, ние ги рационализиравме нашите напори. Сега сум назначена како контакт лице за ДИТ за размена на информации и координација на активностите, особено проценките на ризик, со Министерството за внатрешни работи. Мојата примарна цел е да ја подигнам свеста кај државните инспектори на труд за постоењето на трговија со луѓе за трудова експлоатација.

Ова вклучува навремено препознавање, идентификација и упатување на потенцијалните жртви, како и поттикнување на соработка меѓу сите релевантни чинители. Со оглед на променливата природа на трговијата со луѓе, за мене, како искусен инспектор, е клучно да бидам во тек и добро информирана.

Под влијание на промените во општеството се менуваат и практиките поврзани со трговијата со луѓе. Оваа постојана еволуција бара ние, како инспектори, да бидеме во тек и да можеме да ги идентификуваме и да им помогнеме на потенцијалните жртви на трудова експлоатација преку нашите инспекции. Знаењето како да се соработува ефективно со другите релевантни институции е од витално значење и за личниот и професионалниот развој, како и за нашите заеднички напори за борба против овој криминал. Од суштинско значење е да можеме да ги насочиме колегите инспектори за тоа како да спроведат инспекции што може да доведат до откривање на потенцијални жртви и неопходна соработка со други институции.

Неизмерно сум благодарна за можноста да учествувам на Работилницата за собирање податоци за трговија со луѓе, активност на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, организирана од Канцеларијата на Народниот правобранител и одржана од Саша Јанковиќ, експерт во областа на задачите на НП и надзорот на човековите права. Ваквите работилници ни помагаат да се запознаеме со различни институции и вработени кои се ангажирани во справувањето со трговијата со луѓе.





На ваков начин се разјаснуваат улогите и се овозможува брзо дејствување кога се среќаваме со потенцијални жртви на трговија со луѓе во нашата секојдневна работа. Познавањето на меѓународната правна рамка во врска со трговијата со луѓе, како што беше стручно претставено за време на работилницата, ја поедноставува работата на сите институции, особено во случаи кога одредени активности не се експлицитно опфатени во националното законодавство.

Во однос на соработката со Националниот известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, од клучно значење е да се воспостави јасен канал за комуникација меѓу институциите за да се избегне собирање на непотребни информации и да се рационализира собирањето податоци. Оваа хармонизација ќе ја подобри ефикасноста и на работата на Националниот известувач и на релевантните институции.

Работилницата беше одлична можност да се запознаеме со одговорностите на Националниот известувач и да се подобри соработката. Ваквата подобрена координација, и на државно и на институционално ниво, е од суштинско значење за постигнување позначајни резултати во нашата борба против трговијата со луѓе.

Во Државниот инспекторат за труд, нашата цел е да се погрижиме ниту едно прекршување на законот да не остане незабележано од нашите инспектори. Наша цел е да преземеме соодветни дејства, особено кога се справуваме со посериозни прекршувања како што е трговијата со луѓе. Дополнително, разбирањето на улогите и одговорностите на релевантните органи е од суштинско значење за да се олеснат навремените интервенции, да се фатат прекршителите и да се заштитат потенцијалните жртви. За да ги постигнеме овие цели, ние континуирано ги обучуваме нашите инспектори и спроведуваме ригорозни инспекциски процедури.



# Заедничка обука за комуникација за независни институции



На крајот на октомври, дваесет професионалци од три независни институции учествуваа на обука во Леуново, чија цел беше унапредување на комуникациските вештини. Сузан Хедин, експертка по комуникации од Шведска со над 20-годишно искуство, два и пол дена работеше со претставници од Народниот правобранител, КСЗД и ДКСК на тема „Основни реторички методи и практични вежби“.

Учесниците ја оценија обуката како одлична, затоа што им овозможи увид во нови сознанија и им понуди совети, како на пример, „... навистина релевантна за мене и моите колеги“ и „... одлично искуство и пример за професионален обучувач кој може да го задржи вниманието на учесниците и од кого можам многу да научам“. Многумина од учесниците изразија потреба и желба да учествуваат на понатамошна обука со експертката. На прашањето што им било најкорисно од обуката, многу од учесниците го споменаа водичот за подготовка на јасни и концизни информации со кратко време на располагање за подготовка.

Примената на овој структуриран пристап при практичните вежби за време на обуката ќе им овозможи на учесниците да продолжат да ја применуваат оваа техника во нивната секојдневна работа. Дополнително, фактот што обуката собра на едно место професионалци од институции коишто имаат многу заедничко, беше позитивна забелешка од неколку лица, кои оценија дека „вмрежувањето беше на многу високо ниво“ и „интеракцијата и соработката со другите учесници беа одлични“.

Вмрежувањето што започна во текот на деновите во Леуново ќе се поттикнува и понатаму преку активности по работното време на Компонентата за антикорупција. Исто така, планирани се и дополнителни обуки со истите институции на темите „Надворешна и внатрешна комуникација“ и „Раскажување приказни“.

# Изработка на сеопфатен национален акциски план за правата на децата во Северна Македонија

Currently, there are several different action plans in force that cover children's rights in different segments.

> Сепак, на Северна Македонија и`недостига национален акциски план кој ќе го стави во фокус унапредувањето на правата на децата во еден единствен документ, како што посочи **Елка Тодорова,** раководител на одделение за социјално семејна и правна заштита на децата и семејството во Министерството за труд и социјална политика.

Министерството за труд и социјална политика со поддршка на експертите Кети Јандријеска Јованова, Карин Бишоф и Хелмут Сакс формираше работна група која ги опфаќа сите релевантни институции и организации за изработка на Национален акциски план (НАП) за правата на детето. Работната група ја сочинуваат претставници на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Државниот завод за статистика, Народниот правобранител, Завод за социјални дејности, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, УНИЦЕФ и претставници на невладини организации. Според Лидија Штерјов, раководител на одделение за социјално вклучување во Министерството за труд и социјална политика, составот на работната група гарантира „мултидисциплинарен пристап“ како и вклучување на „сите релевантни фактори и расположливи ресурси од владините и невладините сектори“ да преземат мерки насочени кон „подобрување на целокупната положба на децата во Република Северна Македонија“.

Членовите на работната група ги споделуваат своите искуства и ги идентификуваат предизвиците во остварувањето на правата на детето на серија состаноци.

**Весна Митревска,** член на работната група и државен советник за општи и организациски работи во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, ја цени јасноста на процесот преку кој се креира Националниот акциски план.

Модераторите воспоставија концизен концепт со јасна цел и обезбедија концизни и јасни материјали за развој на планот. „Најмногу ми се допадна приемот на учесниците од страна на модераторите, нивната меѓусебна вклученост и добрата енергија“.

Модераторите/експертите, **Кети Јандријеска Јованова, Карин Бишоф** и **Хелмут Сакс** обезбедуваат партиципативен начин на изготвување на акцискиот план. Лидија Штерјов многу го ценеше партиципативниот метод на работа, кој придонесува за размена на искуства од сите различни институции и собирање на бројни предизвици. Овој метод овозможува и посветеност и сопственост што го олеснува спроведувањето на планот. Весна Митревска е убедена дека партиципативниот пристап и активното учество и на модераторите/експертите и на учесниците ќе придонесат за создавање на квалитетен НАП за правата на детето кој – кога ќе се имплементира – може значително да ги подобри правата на детето во Северна Македонија.

**Прашањата кои беа идентификувани како најитни од страна на работната група што го изготвува НАП за правата на децата:**

1.Малтретирање и насилство врз децата
2.Инциденти на силеџиство во училиштата
3.Деца кои се соочуваат со лоши услови за живот
4.Влијание на еколошките предизвици врз децата
5.Мал број на уписи на деца во градинки и во основни училишта
6.Децата во воспитно-поправните установи немаат пристап до образование
7.Ограничен пристап до соодветни здравствени услуги за децата
8.Недоволна поддршка за децата кои користат дрога и наркотици
9.Несоодветна помош за децата кои се соочуваат со предизвици во менталното здравје

Досега се одржани два состаноци на работните групи, на кои беа идентификувани главните предизвици со кои се соочуваат при остварувањето на правата на детето, како и изготвување на целите и мерките. Елка Тодорова од Министерството за труд и социјална политика е оптимистка дека состаноците на работните групи ќе придонесат за усвојување на сеопфатен Национален акциски план за заштита на правата на детето, кој има за цел да ја зајакне улогата на децата и да им даде апсолутен приоритет на нивните права и интереси. Следниот чекор е да се организира Панел за правата на детето за да се интегрира перспективата на децата и младите од различно потекло во акцискиот план. Весна Митревска го оцени како позитивен предлогот на експертите да се консултираат децата кои директно ќе бидат засегнати од спроведувањето на акцискиот план.







REPUBLIC OF SLOVENIA
MINISTRY OF THE INTERIOR
EU SUPPORT FOR
RULE
OF
LAW

# Зајакнување на свеста и комуникацијата во пробациската служба

Треба да се зголеми и зајакне свеста за придобивките од алтернативните мерки. Алтернативните мерки придонесуваат за рехабилитација и реинтеграција на лицата кои биле осудени, го намалуваат рецидивизмот и ја зголемуваат безбедноста на заедницата. Со поддршка на формирањето на работна група за односи со јавноста од пробациски службеници, проектот ја поддржува Управата за извршување санкции, при Министерството за правда во зајакнувањето на нивните мерки за подигање на свеста.

Првата обука со работната група за односи со јавноста имаше за цел да ги унапреди комуникациските вештини на пробациските службеници преку нивно едуцирање за практични алатки за успешна комуникација. Експертката Мери Бакалова постепено ги воведе методите и алатките, дозволувајќи им на учесниците да ги тестираат и применат своите новостекнати знаења во помали групи за работа. Преку обезбедување техники за ефективни односи со медиумите и изготвување на медиумски производи, обуката допринесе за зајакнување на самодовербата на учесниците при комуникација со медиумите. Учесниците се запознаа со различни комуникациски техники кои ги применија преку вежби за „медиумско интервју“, „подготовка на соопштение за медиуми“ и „изработка на медиумски план“.



Учесниците се чувствуваа пријатно и беа охрабрени активно да учествуваат во дискусиите и активностите. Поставеноста и организацијата на обуката, како и стручните насоки, дополнително придонесоа за позитивната атмосфера помеѓу учесниците.

По обуката, учесниците беа подготвени да ги применат стекнатите комуникациски вештини и знаења во нивната секојдневна работа како пробациски службеници. Преку стекнатите вештини пробациските службеници ќе ја подобрат ефективноста на нивната комуникација и ќе придонесат за подигање на свеста за придобивките од алтернативните мерки, како и за зголемување на бројот на предмети за кои се изрекуваат алтернативни мерки.





Долгорочното влијание на оваа обука се протега надвор од непосредните резултати. Зајакнувајќи ги вештините за односи со медиумите на пробациските службеници и поттикнувајќи ја нивната способност да развиваат суштински медиумски производи, вклучително соопштенија за медиумите, брифинзи за медиумите, интервјуа, прес-конференции и други комуникациски материјали, им даваме можност да воспостават и да одржат комуникација со медиумите. Со тоа ќе се овозможи континуирана промоција на примената на алтернативните мерки, со што ќе се зголемува свеста кај општеството во однос на оваа тема.

На обуката, исто така, беше истакнато значењето на добро структурирана Стратегија за комуникација и видливост. Експертката Мери Бакалова доби дополнителни насоки за изработка на Стратегијата за време на обуката. Овој документ придонесува кон успешно креирање специфичен наратив и пораки, изготвување комуникациски активности, идентификување на оптимални комуникациски канали и имплементирање на механизми за следење и евалуација.

Проектот ќе продолжи да ја поддржува работната група за односи со јавноста на пробациските службеници преку дополнителни обуки и активности. Учесниците изразија голем интерес за понатамошни обуки на слични теми. Понатаму, експертката Мери Бакалова ќе ја поддржи соработката и размената на искуства на работната група за односи со јавност на пробациската служба, при спроведување на Стратегијата за комуникација и видливост.



НОЕМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2023

# КАЛЕНДАР НА СЛЕДНИ НАСТАНИ

27 НОЕ – 29 ДЕК

**Тркалезна маса**
Судии од Северна Македонија и членови на Судски совет
**Компонента 1**

14 ДЕК

**Обука за интерна комуникација за независни институции**
**Компонента 3 + компонента 4**

07 НОЕ – 09 НОЕ

**Студиска посета во Словенија**
Претставници од Отсек за техничка поддршка и документација
**Component 2**

16 НОЕ

**Детска работилница: Национален акциски план за правата на детето**
Europe House Skopje
**Компонента 4**

13 НОЕ – 17 НОЕ

**Обука за човечки извори на информации**
**Компонента 2**

12 ДЕК

**Интернационална конференција по повод 25 години од канцеларијата на Омбудсманот**
Скопје
**Компонента 4**






# Одбележување на успехот:

## Визуелен приказ













